Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 1947/2021
Дата 23 -12- 2021

Врз основа на член 122 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и 76/20), а во врска со член 4 став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) министерот за животна средина и просторно планирање, постапувајќи по барањето на Општина Петровец, го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**
**за поништување на Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Општина Петровец, се поништува Решението под бр. 15-9390/1 од 15.10.2012 год. за Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план вон населено место за село Р'жаничино за индустриска зона која се наоѓа во КО Р'жаничино и КО Катланово, Општина Петровец.

**Образложение**

Општина Петровец, се обрати до Министерството за животна средина и просторно планирање-Сектор за просторно планирање со барање под бр. УП1 15-1947/2021 од 23.12.2021 год. за поништување на Решение под бр. 15-9390/1 од 15.10.2012 год., за Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план вон населено место за село Р'жаничино за индустриска зона која се наоѓа во КО Р'жаничино и КО Катланово, Општина Петровец.

Општина Петровец, врз основа на член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторен План на Република Македонија ("Сл. весник на РМ" бр. 39/04) до Министерство за животна средина и просторно планирање поднесе барање бр. 15-6301/1 од 02.11.2007 год. за издавање на Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план вон населено место за село Р'жаничино – Општина Петровец.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Согласно член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 51/05), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план вон населено место за село Р'жаничино – Општина Петровец -Елаборат бр. Y 32707 и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. 15 -7283/1 од 06.11.2008 година.

Министерството за животна средина и просторно планирање постапувајќи по член 4 став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Сл.весник на Република Македонија" бр. 39/04), издаде Решение под бр. 15-7283/ од 13.11.2008 год. за Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план вон населено место за село Р'жаничино – Општина Петровец.

Општина Петровец, врз основа на член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторен План на Република Македонија ("Сл. весник на РМ" бр. 39/04) до Министерство за животна средина и просторно планирање поднесе барање бр. 15-9390/1 од 04.10.2012 год. за измена на Решение под бр. 15 -7283/1 од 13.11.2008 година за Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план вон населено место за село Р'жаничино, каде што треба да се нагласи дека планскиот опфат зафаќа две катастарски Општини и тоа КО Р'жаничино и КО Катланово – Општина Петровец (границата на планскиот опфат е дадена во графички прилог на Планската програма со тех. бр. У01-07/12 изработена од Иванов Инжинеринг од Битола, со вкупна површина на плански опфат 104,55 ха).

Министерството за животна средина и просторно планирање постапувајќи по член 4 став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Сл.весник на Република Македонија" бр. 39/04), издаде Решение под бр. 15-9390/1 од 15.10.2012 год. за Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план вон населено место за село Р'жаничино, за индустриска зона која се наоѓа во КО Р'жаничино и КО Катланово – Општина Петровец и во истото нагласи - точка 4. Со издавање на ова Решение престанува со важност предходно издаденото Решение за Услови за планирање на просторот под бр. 15-7283/2 од 13.11.2008 год.

Согласно член 122 од Законот за општо управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 124/15) Општина Петровец поднесе барање за укинување/поништување на горе наведеното донесено Решение под бр. 15-9390/1 од 15.10.2012 год., Елаборат бр. Y 32707, заради не реализирање на истото.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk